РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 08-829
26.07 20 22 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002 ) и Меморандумот за соработка број бр. 08-419 од 11.04.2022 година, склучен помеѓу Општина Битола и Универзитетот за туризам и менаџмент Скопје. Градоначалникот на Општина Битола го објавува следниот:

ЈАВЕН КОНКУРС

за доделување на 15 стипендии за упис на студенти на додипломски студии од прв циклус
на Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје
за студиската 2022/2023 година

I. ВОВЕД

Општина Битола во соработка со Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје доделува 15 стипендии за упис на додипломски студии во академската 2022/2023 година.

II. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

1. Право на стипендија имаат заинтересираните кои ги исполнуваат потребните услови кои ќе бидат пропишани согласно конкурсот за прием на студенти на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
2. Да бидат редовни ученици со постигнат висок успех во учењето
3. Да се државјани на Република Македонија и жител на Општина Битола
4. Да не се корисници на стипендии од други установи, институции или фирми
5. Да се високо мотивирани за стекнување на академски знаења на овој Универзитет.

III. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Заинтересираните кои се пријавуваат на конкурсот, треба да го пополнат потребниот образец за ПРИЈАВА поставен на интернет страната www.bitola.gov.mk .

Со Пријавата потребно е да се достават следните документи:

1. Мотивационо писмо во кое ќе биде наведено досегашното образование, познавање на странски јазици, причини за аплицирање и постигнат успех во рамки на средното образование
2. Копија од сведителствата за прва, втора, трета и четврта година средно образование
3. Документ за положена државна матура или копија од сведителството за завршено средно образование
4. Копија од извод од матична книга на родените
5. Доказ за државјанство на Република Македонија ( уверение или решение )
6. Изјава дека не се корисници на стипендија од други установи, институции или фирми
7. Изјава за согласност за лични податоци
8. Изјава за веродостојност и точност на поднесените документи

IV. МЕСТО И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ

Пријавата со потребните документи, кандидатите треба да ги достават во рок од 15 дена, а најдоцна до 31.08.2022 година, на адреса: Општина Битола Булевар 1ви Мај бр.61 Битола, во затворен плик, со назнака: „ За Комисијата за спроведување на Конкурсот за доделување на 15 студентски стипендии " или лично во архивата на Општина Битола.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Изборот на кандидатите ќе го врши Комисија која ќе биде формирана од страна на Општина Битола.

Предност во доделувањето стипендии ќе имаат заинтересираните со одличен успех, кандидати од социјално загрозени семејства, деца без родители и ранливи категории.

Општина Битола го задржува правото доколку е потребно во текот на постапката да побара и други документи за донесување на правилна одлука.

Списокот со избраните кандидати ќе биде објавен најдоцна до 16.09.2022 година, на официјалната страна на Општина Битола.

Општина Битола ќе достави список до Универзитетот со избраните кандидат, а сите формалности околу уписот и потребната документација ќе бидат обврска на студентот.

Градоначалник на Општина Битола

Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *